# 1 УПАТСТВО ЗА ПОДНЕСУВАЊЕ НА КОНСОЛИДИРАНА И РЕВИДИРАНА ГОДИШНА СМЕТКА

## Предуслови

Предусловите кои е потребно да ги задоволите за успешно поднесување на консолидирана или ревидирана годишна сметка се:

- Да имате пристап во апликацијата за електронско поднесување на годишни сметки;
- Вашиот правен субјект да е регистриран во Трговскиот регистар;
- Да имате валиден, дигитален сертификат за потпишување на годишни сметки, асоциран со субјектот за кого сакате да поднесете консолидирана или ревидирана годишна сметка.
- Да имате поднесено годишна сметка.

Чекор 1

Вклучете еден од прелистувачите (Internet Explorer, Google Chrome или Mozilla Firefox).

Навигирајте на страната на Централен Регистар и продолжете кон заштитениот дел (Кликнете на линкот ‘Продолжете кон заштитениот дел’).

Внесете го вашето корисничко име и лозинка.



| | | |
|---|---|---|
| Чекор 2 | По најавување во апликацијата, одете на страната за поднесување на годишни сметки. |  |
| Чекор 3 | За да го изберете го правниот субјект за кој сакате да поднесете консолидирана/ревидирана годишна сметка, прво внесете го курсорот во полето ‘Правен субјект’, а потоа кликнете на субјектот од листата која автоматски ќе се прикаже. |  |





НАПОМЕНА: Документов е сопственост на Централен регистар на Република Македонија. Секаква дистрибуција на документот на трети лица или правни субјекти кои не се специфицирани во документов на првата страна, како и користење на содржини од овој документ, не е дозволено без претходно писмено одобрение од сопственикот на документот.

Чекор 4

Податоците за правниот субјект ќе бидат автоматски прикажани во соодветните полиња.

Се пристапува кон избор на тип на документ.

Доколку се поднесува **консолидирана годишна сметка**, се избира соодветниот тип на документ. По избор на типот на документ  и видот на работа се внесуваат консолидациските компании. За оние чие седиште е во РМ се впишува матичниот број, се клика на копчето ‘Вчитај‘ и излегуваат податоци за називот на правното лице. Истото правно лице со кликање на копчето ‘Додади‘ се појавува во листата на консолидациски фирми. За субјектите кои не се од РМ, најпрвин се избира државата, се внесува називот на правното лице и со кликање на копчето ‘Додади‘ се додава во листата на консолидациски фирми.

На копчето ‘Понатаму’ се обезбедува пристапите до формата за внес на податоци.




НАПОМЕНА: Документов е сопственост на Централен регистар на Република Македонија. Секаква дистрибуција на документот на трети лица или правни субјекти кои не се специфицирани во документов на првата страна, како и користење на содржини од овој документ, не е дозволено без претходно писмено одобрение од сопственикот на документот.

Чекор 5

Внесот на потребните податоци се врши на ист начин како и при поднесување на годишна сметка.

Финансиските податоци може да се внесат и со прикачување на XML датотека.

Пред да кликнете на копчето ‘Завршен внес’, во зависност видот на работа, прикачете го соодветниот(те) прилог(зи).

ЗАБЕЛЕШКА: Доколку финансиските податоци ги внесувате преку качување на XML датотека, потребно е прво да го прикачите соодветниот прилог (доколку е задолжителен), а потоа да ја прикачите датотеката.

По завршување, притиснете го копчето ‘Завршен внес’.



| | | |
|---|---|---|
| 93.29 - Останати забавни и рекреативни дејности, неспомнати на друго место | 2592 | |
| 94.11 - Дејности на деловни организации и организации на работодавци врз база на зачленување | 2593 | |
| 94.12 - Дејности на струковни организации врз база на зачленување | 2594 | |
| 94.20 - Дејности на синдикатите | 2595 | |
| 94.91 - Дејности на верски организации | 2596 | |
| 94.92 - Дејности на политички организации | 2597 | |
| 94.99 - Дејности на други организации врз база на зачленување, неспомнати на друго место | 2598 | |
| 95.11 - Поправка на компјутери и периферна (дополнителна компјутерска) опрема | 2599 | |
| 95.12 - Поправка на опрема за комуникации | 2600 | |
| 95.21 - Поправка на електронски уреди за широка потрошувачка | 2601 | |
| 95.22 - Поправка на апарати за домаќинства како и опрема за домови и градини | 2602 | |
| 95.23 - Поправка на обувки и производи од кожа | 2603 | |
| 95.24 - Поправка на мебел и покуќнина | 2604 | |
| 95.25 - Поправка на рачни часовници, саати и накит | 2605 | |
| 95.29 - Поправка на други предмети за лична употреба и за домаќинствата | 2606 | |
| 96.01 - Перење и хемиско чистење на текстилни и крзнени производи | 2607 | |
| 96.02 - Фризерски салони и салони за разубавување | 2608 | |
| 96.03 - Погребни и слични дејности | 2609 | |
| 96.04 - Дејности за нега и одржување на телото | 2610 | |
| 96.09 - Останати лични услужни дејности, неспомнати на друго место | 2611 | |
| 97.00 - Дејности на домаќинствата кои вработуваат послуга (домашен персонал) | 2612 | |
| 98.10 - Дејности на приватните домаќинства кои произведуваат разновидна стока за сопствени потреби | 2613 | |
| 98.20 - Дејности на приватните домаќинства кои вршат различни услуги за сопствени потреби | 2614 | |
| 99.00 - Дејности на екстратериторијални организации и тела | 2615 | |

Зачувај | Завршен внес | Затвори

НАПОМЕНА: Документов е сопственост на Централен регистар на Република Македонија. Секаква дистрибуција на документот на трети лица или правни субјекти кои не се специфицирани во документов на првата страна, како и користење на содржини од овој документ, не е дозволено без претходно писмено одобрение од сопственикот на документот.

Чекор 6

Ќе бидете однесени на страната за преглед и потпишување на документот кој го поднесувате.

По потпишување на консолидираната годишна сметка, се продолжува кон плаќање. Постапките се исти како и при поднесување на годишна сметка.

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 707 | АОП 212 од БУ) | 3.714,00 | | | 2.272,00 |
| 708 | - - V. Останати расходи | 0,00 | | | 193,00 |
| 709 | - - Казни, пенали надоместоци за штети и друго (< или = АОП 222 од БУ) | | | | 193,00 |
| 713 | - - VII. Дивиденди и други надоместоци на вложувачите | 6.210,00 | | | 11.311,00 |
| 714 | - - Исплатени дивиденди | 6.210,00 | | | 11.311,00 |
| 715 | - - Просечен број на вработени врз основа на состојбата на крајот на месецот | 3,00 | | | 2,00 |

Изјавувам, под морална, материјална и кривична одговорност, дека податоците во годишната сметка се точни и вистинити.

Податоците од годишната сметка се во постапка на доставување, која ќе заврши со одлука (одобрување/одбивање) од страна на Централниот Регистар.

**АЖУРИРАЈ** **ПОТПИШИ** **ПЕЧАТИ** **ОТКАЖИ**

НАПОМЕНА: Документов е сопственост на Централен регистар на Република Македонија. Секаква дистрибуција на документот на трети лица или правни субјекти кои не се спецификацирани во документов на првата страна, како и користење на содржини од овој документ, не е дозволено без претходно писмено одобрение од сопственикот на документот.

Чекор 7

**Празен ревизорски извештај се поднесува кога во наодот од ревизорската куќа не се најдени отстапувања од поднесената годишна сметка. Доколку во ревизорскиот извештај стои мислење од ревизорот дека има отстапувања, правното лице е должно да изготви и ревидирана годишна сметка, која ќе ја достави заедно со ревизорскиот извештај. Во тој случај како тип на документ се избира ревизорски извештај. При ревизија на консолидирана годишна сметка, доколку нема наод за евентуални отстапувања, како тип на документ се избира празен консолидиран ревизорски извештај. Доколку има наод од ревизорската куќа како тип на документ се избира консолидиран ревизорски извештај.**

Доколку се поднесува **ревизорски извештај или консолидиран ревизорски извештај**, се избира соодветниот тип на документ. По избор на типот на документ и видот на работа се избира ревизорската куќа која го изработила извештајот.

На копчето 'Понатаму' се обезбедува пристапите до формата за внес на податоци.



Чекор 8

Внесот на потребните податоци се врши на ист начин како и при поднесување на годишна сметка.

Финансиските податоци можете да ги внесете и со прикачување на XML датотека.

Пред да кликнете на копчето ‘Завршен внес’, задолжително се прикачува ревизорскиот извештај. Доколку се работи за акционерско друштво во истиот фајл се закачува и одлука од собрание на акционери дека извештајот е прифатен.

Потпишувањето и плаќањето се врши на ист начин како и при поднесување на годишна сметка.



**Чекор 9**

Доколку се поднесува **празен ревизорски извештај или празен консолидиран ревизорски извештај**, се избира соодветниот тип на документ. По избор на типот на документ и видот на работа се избира ревизорската куќа која го изработила извештајот.

На копчето ‘Понатаму’ се обезбедува пристапите до формата за внес на податоци.

Кај ове два типа на документ не се внесуваат финансиски податоци, туку се прикачува само ревизорскиот извештај. Доколку се работи за акционерско друштво во истиот фајл се закачува и одлука од собрание на акционери дека извештајот е прифатен.

Потпишувањето и плаќањето се врши на ист начин како и при поднесување на годишна сметка.




НАПОМЕНА: Документов е сопственост на Централен регистар на Република Македонија. Секаква дистрибуција на документот на трети лица или правни субјекти кои не се специфицирани во документов на првата страна, како и користење на содржини од овој документ, не е дозволено без претходно писмено одобрение од сопственикот на документот.